ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 9/6
Прилеп 25.04 2025 год.

# ИЗВЕШТАЈ
## за вршење на контроли над управувањето на Тутунски комбинат АД Прилеп согласно член 480 од Законот за трговски друштва

Неизвршните членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во остварување на законската и статутарната надлежност за увид и контрола на работењето на извршните директори, на седниците на Одборот на директори во текот на 2024г. се залагаа за целосно почитување на законските прописи, статутот и другите акти на друштвото.

Контролата над работењето и управувањето со Тутунски Комбинат АД Прилеп беше вршена континуирано во сите сегменти од работењето на друштвото а особено во делот на извршени набавки на стоки и услуги и неизвршните членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп учествуваа во носење на одлуки кои се во надлежност на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Контролата над управувањето со друштвото за деловната 2024г.е вршена врз основа на задолжувања на стручни лица и служби во друштвото, во деловите каде што органот на надзор имаше потреба да ги врши ваквите контроли. Овие контроли беа перманентни и континуирано правени во текот на целата 2024г.

Посебен акцент беше ставен на финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2024г.
Ревизорската куќа, Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДООЕЛ Прилеп беше избрана од Собранието на акционери на АД Прилеп да изврши контрола на финансиските извештаи. Паралелно со преземените дејствија на независниот ревизор, беа формирани пописни комисии кои што имаа за задача да ја констатираат фактичката состојба на имотот и паричните средства на Тутунски комбинат АД Прилеп со состојба 31.12.2024г. Видно од ревизорскиот извештај изготвен од ревизорската куќа Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДООЕЛ Прилеп дадено е следното мислење:

"Основи за мислење со резерва

Како што е наведено во БЕЛЕШКА 35 - Тековни обврски приложена кон финансиските извештаи на Друштвото, истото на позицијата останати краткорочни обврски има евидентирано вкупен износ од 12.826 илјади денари, при што износот од 11.674 илјади денари се однесува на обврски кои Друштвото ги има спрема тутунопроизводителите. Согласно спроведените ревизорски постапки утврдивме дека обврските спрема тутунопроизводителите со состојба на 31 декември 2024 година изнесуваат 42.085 илјади денари при што истите се потценети за износ од 30.411 илјади денари. Претходно наведениот износ од 30.411 илјади денари, всушност, преставува побарување од тутунопроизводителите а кое е аналитички евидентирано како обврска (претплата) по основи на дадени материјали (картонски кутии, семенски материјали и сл.).

Дополнително утврдивме дека овие побарувања за кои се намалени обврските, потекнуваат од 2017 година и истите се јавуваат поради промена на политиките за издавање на материјали од страна на Друштвото. Врз основа на расположливата документација ние не бевме во можност да го утврдиме точниот износ за кој се преценети овие побарувања, како и фактот кој износ од нивниот отпис би имал третман на грешка согласно МСС 8, а кој би имал ефект врз тековниот финансиски резултат. Било какви корекции кои би биле неопходни доколку располагавме со соодветна документација би можеле материјално значајно да влијаат врз презентираниот финансиски резултат и врз финансиската состојба на Друштвото.

Мислење со резерва

Според нашето мислење, освен за можните ефекти од прашањето на кое се укажува во пасусот Основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на Тутунски Комбинат АД Прилеп на 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто

завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Нагласување на прашање

Без да го модифицираме нашето мислење, ние обрнуваме внимание на Белешка 2.1.1 - Претпоставка за неограничен континуитет во работењето на Друштвото во која се укажува дека финансиските извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2024 година се подготвени врз претпоставката за неограничен континуитет во работењето.......... "

Почитувајќи ја законската обврска во Тутунски комбинат АД Прилеп постои Служба за внатрешна ревизија и во истата професионално се вработени раководител на службата за внатрешна ревизија и внатрешен ревизор, кои што постапуваат согласно законските обврски и истите изготвија Годишен извештај за извршените контроли согласно член 415-в од Законот за трговските друштва кој се доставува до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2024г. изврши 2 (две) редовни ревизии со даден опис при вршење на конкретните ревизии издаден наод , сугестии и мислења за понатамошното работење на друштвото и изготви извештаи за истите и тоа:

1."Контрола на адекватноста на системите за внатрешна контрола" - Извештај бр.11-1405/1 од 02.10.2024г.

2.Извештај за извршена ревизија за набавка на заштитна опрема за тутунопроизводители во Тутунски комбинат АД Прилеп, бр.11-1493/1 од 30.10.2024г.

Исто така вработените во Службата за внатрешна ревизија во текот на 2024г. присуствуваа и на отворање на понуди за набавки по објавени јавни повици во друштвото.

Врз основа на сите извршени контроли и Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп во согласност со Меѓународните стандарди согласно член 480 став 3 од ЗТД, неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат до Собранието на акционери, Годишната сметка и финансиските извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп да бидат одобрени од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

**Одбор на директори**
**на Тутунски комбинат АД Прилеп**

Неизвршен член
Гоце Николоски

----------------------------------

Неизвршен член
Афродита Баталоска

----------------------------------

Неизвршен независен член
Александар Кузманоски

----------------------------------

Неизвршен независен член и
Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

----------------------------------

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 11-611/1
Прилеп 11.04 2025 год.

Служба за внатрешна ревизија

Одбор на Директори Тутунски комбинат АД Прилеп

Врз основа на член 415 Б став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, Службата за внатрешна ревизија, за активностите кои ги презеде во текот на 2024 година, а според Годишниот план за работа бр. 02-4/6-4/1 од 12.04.2024 година состави

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

- Опис на извршените ревизии во работењето на Друштвото
- Редовни ревизии
- Вонредни ревизии
- Наоди и дадени сугестии, како и мислења за идентификуваните слабости

1. Опис на извршените редовни ревизиина работењето на Друштвото:

- Редовна Контрола на адекватност на системи на внатрешна контрола бр. 11-1405/1 од 02.10.2024 година

- Редовна контрола на усогласеност Извештај бр.11-1493/2024 година

2. Вонредни ревизии

- Во текот на 2024 година Службата за внатрешна ревизија не доби од Одборот на Директори задача за спроведување на вонредна ревизија

  Според измените на Процедурата за набавки усвоени од Одборот на Директори, бр.02-4/4-9/1 од 10.03.2023 година 5.3.2, при вршење на набавки над 1.800.000 денари, претставник од Службата за внатрешна ревизија присуствуваше на јавното отворање на понудите за набавките на стоки и услуги погоре споменати, и тоа:

- Јавен повик за избор на фирма снабдувач со електрична енергија и јавно отворање на понудите на ден 26.04.2024 година
- Јавен повик со негативно наддавање за избор на превозник на тутун реколта 2024, и јавно отворање на понудите на ден 11.11.2024 година
- Јавен повик со негативно наддавање за избор на фирма за снабдување со метан и јавно отворање на понудите на ден 23.12.2024 година.

  Службата за Внтрешна ревизија не го реализираше целосно Годишниот план за работа за 2024 година бидејќи и покрај напорите не оствари никаква соработка со претходниот Менаџмент, не добиваше никакви информации врз основа на кои би се следеле

процесите на работа на Друштвото, и не доби никаква задача за работа ниту било каков интерес за соработка.

Исто така како и многу пати претходно во Извештаи за спроведени ревизии сме нагласувале дека во Друштвото освен Процедурата за набавка на стоки и услуги, и Политиката за продажба на тутун, која произлезе од сугестии наведени во извештаите од Службата, не постојат усвоени и одобрени важечки процедури за процесите на работа на Друштвото, па и сега сакаме да нагласиме дека за да се активира работењето на Службата за внатрешна ревизија, најпрво треба да се дефинира како треба да постапуваат вработените при извршувањето на нивните работни задачи, па следствено Службата да можи да констатира прекршувања и неправилности, а соодветно на тоа Одборот на директори да можи да лоцира одговорност и подобрување на процесите на работа како крајна цел.

Овде сакаме да напоменеме дека измените на Процедурата за набавка на стоки и услуги бр.02-4/4-9/1 од 10.03.2023 година, според кои се вклучи член од Службата за внатрешна ревизија како присутен на отворањето на понудите од потенцијалните добавувачи, се нарушува независноста на работењето на Службата за внатрешна ревизија, бидејќи со самото присуство и ставањето на потпис на Записникот за избор, присутниот член од Службата за внатрешна ревизија ја потврдува набавката само во делот на отворањето на понудите доставени од потенцијалните добавувачи, и бесмислена е ревизија на предметот во целост затоа што истиот на некој начин учествувал во дел од процесот на набавка.

Служба за внатрешна ревизија

Билјана Мургоска

Јане Локвенец

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7